# билтен

## *Јули '07*


***Институтот Охрид беше претставен на дебатата на Тинк-Тенк мрежата во Македонија на темата: " Улогата на тинк-тенк организациите во креирањето на јавното мислење........................................................................................................... стр. 2***

***Проект Политички Диалог 2007..........................................................................стр. 3***

***Почеток на проектот " Мандат на Лидерство 2006-2010 ".............................стр. 4***

***Средба со Експертите на Институтот Охрид кои што го водат проектот "Мандат на Лидерство"..........................................................................стр. 5***

***Издавање на првиот број на списанието " Г Л О Б А Л " кое ќе ги промовира најдобрите истражувачки трудови од сите области и аспекти на економија, политика и општество.................................................................................... стр. 5***

**ОХРИД Институтот беше претставен на дебатата на тинк-тенк мрежата во Македонија на темата “ Улогата на тинк-тенк организациите во креирањето на јавното мислење**

Формирањето на **Тинк-тенк мрежа – Македонија** е резултат на иницијативата на седум тинк-тенкови од Република Македонија, со цел остварување заедничка активност.

**ЦЕЛИ:**

Активностите на мрежата се резултат на здружено делување на сите нејзини членки. Цели на мрежата се:

- Претставување на улогата на тинк-тенк организациите во општеството;
- Претставување на носителите на овој сектор во Македонија ;
- Претставување на производите од нашето делување ;
- Поттикнување на иницијативи за идно делување согласно нашата мисија и мисиите на сите организации поединечно ;
- Поттикнување на форум за теми од политичкиот и социо-економскиот развој и потенцијал на Македонија во соогласност со начите мисии;
- Поттикнување на мотивационата сила и регрутација на волонтери во нашата мисија.
- Заедничко делување на проекти од поголем обем.

## Проект “ Политички Дијалог 2007 “

Овој проект се стреми да го зајакне политичкиот дијалог помеѓу политичките партии, нивните активисти и генерално целата јавност на важноста на политичката клима и структурата на политичките партии адекватна на ЕУ и Нато земјите во соогласност со меѓународните стандарди. Проектот ќе донесе серија на активности во тоа поле, вклучувајќи состаноци во градската сала и округли маси за да се дискутира за улогата на партнерството на сите политички партии во демократскиот систем, нивната одговорност за развивањето на општеството и националните и меѓународните цели.

Овие активности ќе бидат проследени со состаноци на ниво на лидери на политички партии за да дадат свои заложби и поддршка на иницијативата. Политичките партии исто така ќе бидат способни во оваа фаза на проектот да дадат своја нивна индивидуална заложба за тема за дискусија која би се водела на округлите маси. После секој регионален состанок спроведен, резултатите од секој состанок ќе се дискутираат со политичките партии на лидерско ниво и ќе се користат за подготовка на наредниот состанок.

## Почеток на проектот “ Мандат за Лидерство  2006-2010 “




Новата влада се обврза на многу реформи, но исто така покажа одлучност за нивно имплементирање. Успехот на овие реформи зависи од правилните идеолошки темели. Тие темели се: економска слобода, права на сопствена заштита, добра бизнис околина, ниски такси, ниска регулаторна граница, ефикасна и експертска бирократија, јавен сервис менаџиран врз основа на перформанси, широка област на јавни сервиси, транспарентност, борба против корупцијата, безбедност стабилност и добро меѓународно позиционирање. Со цел да се зачува применувањето на ветената политика, владата ќе мора да ги институционализира овие идеолошки темели во првите месеци на нејзината администрација и да ги користи нив како водич низ нејзиниот мандат.

Луѓето од Македонија очекуваат многу од Владата. Што очекуваат тие некогаш се споредува со чудо. Како и да е владата мора да испорача. Има историска обврска кон лјуѓето од Македонија и кон нивната земја. Помалку резултати можат да доведат до политичка апатија и очај. Тоа нема да биде прифатливо. Владата мора да инвестира многу тешка работа, знаење и мудрост со цел да успее. Народот и го даде      “ Мандатот за Лидерство “ бидејќи тие веруваа дека тие можат.

**Средба со експертите на Институтот Охрид кои што го водат проектот "Мандат на Лидерство"**

Во просториите на Институтот ОХРИД беа одржани неколку состаноци помеѓу експертите и извршниот директор Г-ѓа Билјана Јанева, целта на овие состаноци беше за да се дискутира напредокот на извештаитеза проектот "Мандат на Лидерство" особено за првиот и вториот извештај.

Двата извештаи се за периодот ос Септември 2006 – Јули 2007, и тие го оценуваат напредокот на владата на Македонија, особено за тоа што го ветија ( со нивната програма Преродба во 100 чекори )

**Издавање на првиот број на списанието " ГЛОБАЛ " кое ќе ги промивира најдобрите истражувачки трудови од сите области и аспекти на економијата, политиката и општеството.**

Списанието " ГЛОБАЛ " ги промовира нај квалитетните истражувачки трудови од сите области и аспекти на економија, политика и општество. Нивна и наша цел е да се поддржат авторите, аналитичарите, истражувачите и да се претстават нивните трудови.

Намерата на уредниците е списанието да претставува форум за дискусии, дебати и реформулирање на клучни прашања од одредени области. Во првиот број на " ГЛОБАЛ " се вклучени трудови од областа на економијата, политичкиот развој и од културата. Ние веруваме и се надеваме дека првиот број на списанието " ГЛОБАЛ " ќе ги исполни вашите очекувања и ќе придонесе за иден академски и професионален развој.

IMPRESSUM:

Publisher: Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs

Executive Director: MA Biljana Janeva

Ul. Dimitrije Tucovic 24,
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Telephone/Fax: +389 2 322 44 57

oi@oi.org.mk